РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-61/1
22.01.16
ЗРНОВЦИ

A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници ( Службен весник на Република Македонија број 27/2014,199/2014,48/2015,157/2015 ) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерен оглас , начинот на поднесување на пријавата за унапредување , начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас ( Службен весник на Република Македонија број 11/2015 ) Општина Зрновци објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2016

За пополнување на работни места со унапредување

1. Раководител на Одделение за финансиски прашања – шифра на работно место УПР 01 01 Б04 000- 1 (еден ) Извршител
2. Помлад соработник за утврдување на локлани даноци во Одделението за финансиски прашања – шифра на работно место УПР 01 01 В04 000 – 1 ( еден ) Извршител

Посебни услови утврдени со Законот за административни службеници, за раководните административни службеници од категоријата Б утврдени во актот за систематизација на работни места во Општина Зрновци се

- Стручни квалификации за ситениова- ниво на квалификицаиите VI А според македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Економски науки
- Активно познавање на компјутерска програма за канцелариско работење
- За нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години раководно место во приватен сектор

Посебни услови утврдени со Закон за стручните административни службеници од категоријата В утврдени со актот за систематизација на работни места во Општина Зрновци се

- Стручни квакфикиции за нивотот В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалфикиации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен- правни науки или економски науки
- Активно познавање на компјутерска програма за канцелариско работење
- За нивото В4 со или без работно искуство

На интерниот оглас може да се јават администартивни работници вработени во Општина Зрновци, кои ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на работните места пропишани за соодветното ниво во Законот за административни службеници, и во актот за систематизација како и

-да се на работно место кое согласно актот за систематизација е на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас

-да поминал најмалку четири години на тековното работно место за шифра Б4

-да поминал најмалку две години на тековното работно место за шифра В4

-да не им е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 6 (шест ) работни дена, сметано од денот на објавувањето на огласот ( не сметајќи го денот на самото објавување).

Дневно работно време: 8 часа ( од 08 ч до 16 ч )

Работни денови : Понеделник-Петок

Неделно работно време :40 ( четириесет ) часа

Паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со која се вреднува степенот на образование и додаток на плата за звање за работно место од категорија Б4 е =30.625 денари а за работното место од категоријата В4 = 23.408 денари

Заинтерисираните администартивни службеници поднесуваат пополнета пријава и доказ за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Зрновци , адреса ул ,, Илинденска ,, бб Зрновци , со назнака ,, за интерен оглас број 01/2016,,

Рокот за пријавување е 6 (шест) дена од денот на објавувањето на огласот

Ненавремена, нецелосна и нуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување , формирана од страна на Градоначлникот на општина Зрновци

Кандидатите кои ќе внесат лажни податоци во пријавата се дисквлафикуваат од натамошна постапка.

Општина Зрновци

Градоначланик

Блаже Станков

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
ЗРНОВЦИ